**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-96/4**

**Скопје, 18.02.2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА „23 АВГУСТ " БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Општинската јавна установа за деца детска градинка (ОЈУ ДГ) „23 Август" Берово, Сметка на буџет за наменски дотации (903) за 2006 година, кој е прикажан на страна 4.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на ОЈУ ДГ „23 Август" – Берово, Сметка на буџет за наменски дотации за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Фимка Ковчегарска, директор до 25.01.2006 година и
- Ветка Постоловска, вршител на должноста директор од 26.01.2006 година и директор од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 10.12. до 10.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Евидентирањето на сметководствената документација во ОЈУ ДГ „23 Август“ Берово не се врши согласно одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и согласно на Уредбата за канцелариско и архивско работење, поради тоа што:

- документацијата не е ликвидирана, односно не е проверена нејзината точност;
- нема потврда, со потпис за одобрување на набавката од страна на одговорното лице;
- нема пишани процедури за прием, движење и евидентирање на документацијата;
- документацијата не се евидентира во архивска книга-деловодник;
- на истата нема број и датум на приемот, односно испраќањето;

Причина за ваквата состојба е наследената пракса од минати години. Ваквиот начин на работа го зголемува ризикот за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одговорното лице да превземе активности согласно законските прописи да се изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во делот на приемот, контролата и движењето на сметководствените документи.

**10.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.2.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од обласа на јавните набавки и тоа:

- постапката отворен повик 01/05 за набавка огревно дрво и течно гориво-нафта за греење за грејна сезона 2005/2006 година требало да се повтори. За набавка на дрва се квалификувала само ЈП „Македонски шуми“ подружница “Малешево„ Берово, а за набавка на нафта се квалификувале АД „Макпетрол“ Скопје и „Ваго петрол“ село Карбинци чија понуда не е потполна, нема потполн технички бонитет: список на извршени испораки во последните години, потврди од фирми за учество на тендери, преглед на опрема, кадровска опременост, потребни сертификати за квалитет на маслото за горење, што е спротивно на законските одредби;

- членовите на комисијата за јавни набавки во постапките за јавни набавки од мала вредност и отворен повик, по отварањето на понудите не поднесуваат изјава во писмена форма за непостоење на конфликт на интереси, спротивно на законските одредби. Ова може да има влијание на одлучувањето или на натамошниот тек на постапката за јавна набавка.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.1. финансискиот извештај ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката на буџет за наменски дотации на ОЈУ ДГ „23 Август“ Берово на ден 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за наменски дотации на ОЈУ ДГ „23 Август“ Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОЈУ ДГ „ 23 АВГУСТ“ БЕРОВО**
**СМЕТКА НА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (903)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 1,072 | 739 |
| **Вкупно приходи** | | **1,072** | **739** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 1,072 | 739 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,072** | **739** |
| **Вкупно расходи** | | **1,072** | **739** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |



*Овластен државен ревизор*

________________________